Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 4133/1 од 02.12.2020 година, со наводи против извршителот --------- ---------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување поради тоа што во предметната пријава не се изнесени наводи кои упатуваат на елементи за кои Комисијата има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и за кои е надлежен да постапува друг орган.

Предметот со број 12 - 4133/1 од 02.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 02.12.2020 година поднесена е пријава заведена под број 12 - 4133/1 од 02.12.2020 година, по која е оформен предмет со наводи против извршителот -------- ----------- која спротивно на закон, 18 пати го лицитирала имотот на подносителот во период од 2017 до 2020 година, двор и куќа кој што биле единственото место за негово живеење и егзистенција. Подносителот се сомнева во постапувањето на пријавеното лице за кое смета дека било во договор со двајца нотари како доверители во постапката кои ја уценувале и рекетирале, па бара институциите да превземат соодветни мерки против пријавените лица.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека во пријавата не се изнесени наводи кои упатуваат на елементи за кои Комисијата има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и утврди дека пријавените дејствија се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи. Воедно, подносителот на пријавата ќе се упати предметната пријава да ја достави на надлежно постапување на Комората на извршители , Нотарската комора на РСМ и до Министерство за правда на РСМ.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека друг орган е надлежен да постапува во предметниот случај, по што оцени дека нема надлженост за постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Доставено до : Подносителот
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р Ш.С.., Член на ДКСК